ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-615
28.02.2025 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 28.02.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За Прифаќање Предлог одлука предложена за разгледување, усвојување и донесување на Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД

1. По разгледување на Предлог одлуката од Одборот на директори предложена за разгледување, усвојување и донесување на Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД се утврдува и усвојува текстот на следната предлог одлука:

- **Предлог Одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница , Објект,, Ориент,, и Хотел Десарет во Охрид**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Собрание на акционерите на друштвото на ден 02.04.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид ; Објект ,, Ориент ,, во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

1. **СЕ ОДОБРУВА** постапка за објавување на јавен повик(оглас) за прибирање на понуди од заинтересирани купувачи , правни и физички лица од земјата и од странство , за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид ; Објект ,, Ориент ,, во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

2.СЕ ЗАДОЛЖУВА Одборот на директори на Друштвото, да ја започне постапката за објавување на јавен повик (оглас) за прибирање на понуди за продажба на објектите наведени во член 1 од оваа Одлука со почетна цена не пониска од проценатата пазарна вредност на секој од понудите објекти поодделно.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Одборот на директори на Друштвото , по спроведување на постапката за објавување на јавен повик (оглас) за прибирање на понуди за продажба на објектите наведени во член 1 од оваа Одлука да изготви и достави предлог Одлука до Собранието на акционери за донесување конечна Одлука за продажба на објектите наведени во член 1 од оваа Одлука за секој поединечно или сите заедно.

4. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

2. Одлуката се доставува за разгледување, усвојување и одлучување до Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

3.Оваа Одлука стапува во сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски